Од друга страна, постојат автори како Carlsen, кои акцентот го ставаат на протагонистите и нивното доживување на светот, како и лицето во која е предадена нарацијата. Притоа, Carlsen смета дека во книжевноста за млади, клучен момент е тоа што главни протагонисти се адолесцентите кои најчесто се исправени пред некој проблем и раскажувањето е во прво лице (јас-форма), затоа што на тој начин читателот-адолесцент најдобро може да се поврзе со ликот/протагонист (цит. во VanderStaay, 48).[8] Crowe пак, иако истакнува дека адолесцентите можат да читаат и читаат различни видови текстови, сепак ја редуцира дефиницијата за книжевност за млади на текстови кои се напишани, наменети и читани од младите адолесценти.[9]

Токму и Розенблат го фокусира своето внимание врз адолесцентот како читател на овој литературен жанр, поврзувајќи го тоа со потребата на читателот да се внесе во туѓото искуство, да ја почувствува убавината и интензитетот на она што го нуди светот. Сето тоа, Розенблат го поврзува со човековата потреба да се поврзе и идентификува. Токму овде таа ја гледа позитивната страна на адолесцентската книжевност, односно истражувањето на туѓите искуства низ литературата, може директно да помогне во еманципацијата и градењето на самодовербата. Поврзувањето со сличните искуства може да помогне адолесцентот-читател да се чувствува помалку осамен или да му служи како водич, или да му послужи

[4] Jonathan Stephens, Young Adult: A book By Any Other Name…: Defining The Genre, Alan Review, 35.1, 34-42, 2007.
[5] Преземено од Зорана Опачиќ, Проблематизовани идентитет у роману „Будале и смарачи“ Улфа Старка, Детињство, 2, 2011, Нови Сад, 18.
[6] Зорана Опачић, Проблематизовани идентитет у роману „Будале и смарачи“ Улфа Старка, Детињство, 2, 2011, Нови Сад, 18.
[7] Hemlata Chand, Ritu Singh, Family life experiences: A foundation stoun for self concept, Inaternational journal of Humanities and Social Sciences, Vol.4, Issue 2, March 2015, p.21-24.
[8] VanderStaay, S. , Young-Adult Literature: A Writer Strikes The Genre, English Journal, 81.4, 1992, 48, 3 March 2015.
[9] Chris Crowe, The problem With YA Literature, English Journal, 90.3, 2001, 146-150, 3 March 2015.

како водич низ неговите сопствени искуства, како и да се истражат меѓучовечките односи, прашања поврзани со моралот или општествени очекувања. [10]
Многу од адолесцентите-читатели, се привлечени од книжевноста која е сместена во сегашноста. Тие често се идентификуваат со карактерите и настаните во современата адолесцентска книжевност, бидејќи во неа лесно ги препознаваат своите искуства и покрај разликите во местото, културата и вредностите кои се среќаваат во приказната.[11] Можеби тоа е причината што книгите со проблематика од животот на младите, се сè поинтересни и привлечни за читање, наспроти литературата која им се препорачува како лектира. Но, како што истакнува и Емили Колети, и покрај ентузијазмот на учениците за книжевноста за млади, многу наставници и библиотекари се уште се резервирани за имплементација на делата од овој жанр во наставните програми.[12]

## 2. РОМАНИТЕ „ПРОЛЕТ ЗАД МОЈОТ ПРОЗОРЕЦ“[13] И „МЛАДИ И ДИВИ“ ОД ТОМЕ АРСОВСКИ

Ако се раководиме според општоприфатената поделба на книжевноста за млади, освен типично прозниот роман, се разликуваат и: прозно-поетска структура и структура на графички роман, но овде се и подјанровите: реалистична проза, тинејџерски љубовен роман, дистописки роман и роман со мешана жанровска определба.[14] Иако самиот автор Томе Арсовски, како поднаслов на романот „Млади диви“ ставил „Тинејџерски роман спакуван во љубовен целофан“, сакајќи да укаже на определбата на романот, сепак, ваквата определба не треба да се сфати строго и круто, зашто и во овој роман се главна тема не е љубовта туку сите проблеми со кои се среќаваат тинејџерите од денешницава: насилството, смртта и сл. Преземајќи вакви, темни страни од книжевноста за возрасни, овие романи не ги разубавуваат ситуациите и настојуваат да ги прикажат силните, автентични моменти на растењето – тинејџерите се потполно свесни за насилството, конфликтите, одбивањата и тагите. Реалистичната проза ги одразува токму овие впечатливи моменти. Според Карт, тоа укажува дека старосната граница на целната публика на овој жанр може да се помести и до 25 години, кога човечкиот мозок ја достигнува својата зрелост.[15] Исто така, тоа е период на соочување со одредени животни ситуации, па затоа прозата се насочува кон емотивните, интелектуалните и развојните компоненти на младиот човек во реалниот и книжевниот свет.[16]

Како наратор (раскажувач) и во двата романи се става девојчето Дена, а раскажувањето е во јас-форма. Секоја глава е посебно раскажување на некоја случка на главниот лик во романот.

[10] Според Abbey J.Fox, Girls coming of age: possibilites and potentials within young adult literature, 6, 2010, College of liberal Arts & Social Sciences Theses and dissertations, DePaul University, p.8, 45.( Louise Rozenblatt, Literature as Exploration, New York, NY, D., Appleton Century Company, 1938)
[11] Wendy J.Glenn and Marshall A.George, Looking into and beyond Time and Place: The timeless potential of YA Lit in a Time of Limited Opportunity, The ALAN Rewiew, Vol.40, no.1, Fall 2012, p. 43.
[12] Emily Colleti, Young Adult Literature “Catching Fire”: Classroom Implications for Secondary Schools, Eastern Michigan University, 2014, http://commons.emich.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1404&context=honors, пристапено на 05.11.2015
[13] Томе Арсовски, Пролет зад мојот прозорец, Детска радост, Скопје, 2005.
[14] Јелена Г. Спасић, Књижевност за младе (Young Adult Literature)-пут од маргинализованог до јасно дефинисаног жанра, Детињство, Нови Сад, бр.1, XLI, 2015, стр.68-733.
[15] Michael A. Cart, A New Literature for a New Millenium? The first decade of the Printz Awards, Ypung Adult Library Services 8.3, 2010, p.28-31.
[16] Јелена Г. Спасић, Књижевност за младе (Young Adult Literature)-пут од маргинализованог до јасно дефинисаног жанра, Детињство, Нови Сад, бр.1, XLI, 2015, стр.68-733.

Дена е девојче коешто има околу шеснаесет и седумнаесет години. Таа е ќерка на разведени родители, од кои мајката е туристички водич и постојано е на некое патување. Како таква, таа многу ретко се задржува дома и многу малку им посветува внимание на сопственото дете. За полесно да ја доловиме адолесценцијата, жаргонизмот на младите, да ги опишеме нивните релации со родителите и да ги објасниме проблемите на младите, не само во двете книги туку и во животот на сите тинејџерите, ќе се осврнеме на најинтересните и најважните настани и во двата романи. Токму затоа, многу автори истакнуваат дека овој жанр треба да биде повеќе застапен кај младите. Авторот Мајкл Карт го потенцира терапевтското влијание кое го има оваа литература кај адолесцентите, бидејќи таму тие читаат за низа проблеми со кои и самите се соочуваат низ средното образование, одредени семејни конфликти, прашања поврзани со нивниот идентитет, прашања поврзани со насилство, како и прашања поврзани со одредени ментални проблеми.[17]

Во првата глава од романот „Пролет зад мојот прозорец“, главниот лик Дена е понесена од некое убаво чувство кое како да ја отсликува и убавината на природата што ја опкружува, па раскажува за една убава скопска пролет и за тоа како во таа убава пролет се пронаоѓа самата себеси: „Се видов себеси. Во живите капки утринска роса се видов себеси. Се почувствував дел од таа вечна убавина на природата. Во секоја капка сонцето криеше скапоцен зрак надеж и љубов... (5)“. Таквата сеприсутна убавина и хармонија се нарушува со ненадејниот судир со реалноста за суровоста на животот, преку случката со малото врапче на улицата кое не може да лета, па неговата беспомошност ја поттикнува Дена да се однесува заштитнички кон него. Ваквиот заштитнички однос кон едно само и беспомошно суштество, е поттикнато од она што всушност ја мачи Дена, а тоа е постојаното отсуство на мајка ѝ која многу ѝ недостига нејзе и на нејзината сестра Јана: „Мама е убава жена, елегантна, од оние што никогаш не стареат и, мислам, како да има некоја магична моќ, зашто и жените се вртат по неа како по експонат во моден излог“ (48), „Мамо, многу те сакам. Но Јана е уште мала. Колку и да е цврста...понекогаш ѝ треба мајка. И мене ми треба.“; „Знаеш, мамо, колку подобро ќе ги вршиш твоите задачи таму со тие туристички шатачи, толку подобро за сите нас. Можеме, мамо, нели? Ние заедно можеме и без татко...(53). Според Бранд и Томас, работното искуство кај самохраните мајки има големо влијание врз децата/младите. Имено, повикувајќи се на низа истражувања, ти потенцираат дека децата израснати од самохрани мајки што придонесува за помали примања во семејството, а тоа пак се рефлектира врз децата (особено во раното детство) на повеќе нивоа: резултатите во учењето, социо-економските, социо-психолошките резултати.[18] Во случајот со разгледуваните романи на Томе Арсовски, во „Пролет зад мојот прозорец“, сведоци сме на препуштеноста на девојчињата сами на себе, презафатеноста на мајката која се обидува да обезбеди сигурен живот за нив трите, но и свесноста на Дена дека сами (без татко) ќе се снајдат. Иако во романот не е прикажан самиот развод и девојчињата не минуваат низ него, кога почнува романот, родителите се веќе разведени, но токму со тоа што не зборува директно за таа тема, авторот покажува дека животот продолжува и по разводот на родителите.[19] Во овој контекст, веќе во вториот роман „Млади и диви“ ги гледаме двете сестри во семејство во кое се враќа и таткото по извесен период, за што тие се посебно среќни, но ја гледаме и нивната желба самите да работат.

---

[17] Michael Cart, Young Adult Literature: From Romance to Realism, 2nd ed., Chicago, Harper Collins Publishers, 2010, p.275 (Prezemeno od Emily Colletti, Young Adult Literature "Catching Fire:" Classroom Implications for Secondary Schools, Eastern Michigan University, 2014, p.30.)

[18] Jenni E. Brand and Juli Simon Thomas, Job displacement among single mothers: Effects on Children's outcomes in Young Adulthood, American Journal of Sociology, Vol.119, No.4 (January 2014), p.960.

[19] April Dawn Wells, Themes found in Young Adult Literature: A Comparative study between 1980 and 2000, University of North Carolina, Apr 2003. http://www.ils.unc.edu/MSpapers/2861.pdf Web. 05.11. 2015

Интересно е што во овој роман, Томе Арсовски ја имплицитно ја претставува Јана како помлада од Дена, додека во другиот роман – „Млади и диви“, тие се прикажани како сестри-близначки.

Во првата глава од романот се спомнуваат и некои од останатите ликови: Теона, Моника, Зоки Хакерот, Бане Катастрофа, Лео, Буцо и Мартина. Всушност, секоја глава е посветена на некој значаен настан за Дена. Во првата глава, Дена раскажува за нејзината прва детска, но несериозна љубов кон Дарко и за љубомората на нејзината другарка Бети и нејзиното лицемерно однесување кога ѝ го презела Дарко: „Нејзината постапка беше подла злоупотреба на пријателството, планирано предавство. Исто како кукавичкото предавство на Дарко.“ (46). Откако ги разоткрива, нејзината реакција е крајно зрела и реално ги согледува работите: „Дарко е пасивен, послушен и коефициентот на интерлигенцијата му е скромен. Но да ги оставам во нивниот излет во „новата романтика“, нека живеат во сопствената заблуда. Таквите постапки нанесуваат болка, растураат пријателства. Но, тоа секогаш е погубно за предавникот. Бети и Дарко самите се затворија во некој свој невидлив кафез, свесни дека ја изневериле и својата потреба да имаат пријатели што ќе им веруваат. Самите се тргнаа од нашата галаксија и сега никој ниту ги кара, ниту ги бара (46-47)“. Љубовта кон Дарко, Дена ја раскажува како некој сон занес кој траел кратко и многу лесно, се разбудила таа од тој сон: „За мене Дарко беше занес, мечтаење, а тоа е нешто како убав сон – си станала бело пердувесто облаче и леташ над цветна ливада!“, „Се разбудив и треснав на ливадата со оној дел од телото каде што завршува чесното име на грбот и почнува делот што служи за седење. А тоа боли… (17)“. Темата за интересот кон спротивниот пол е карактеристична за адолесцентската книжевност. Иако Дена ја раскинува врската со „русокосиот ангел“ (Дарко), заради неговата врска со Бети, таа не е толку повредена од загубата на љубовта, колку од фактот што се чувствува изневерена и од најдобрата другарка.

Но сепак приказната за љубовта на Дена не завршува со Дарко. Животот продолжува и Дена запознава едно кадраво момче кое се вика Филип: „Ме огреа неговото мургаво, интелигентно лице.. но Филип не е само убав. Романтичен е како лорд Бајрон, духовит е, елегантен, најубавото дете во гимназијата. Еден премрежен поглед, полн со копнеж по нешто што уште не можам да го одгатнам. Некогаш зениците му светкаат како живи јагленчиња, друг пат рацете му потреперуваат од скриена внатрешна борба: сигурно му се допаѓам, а се воздржува поради нешто, можеби се плаши да не ме навреди? (29)“. Дена забележала некоја нервоза, некое чудно однесување кај Филип, но не можела да предвиди каков проблем и каква несреќа ја демнее во иднина: „Не знаев дека, кутриот, си имал врзано камен околу вратот. Пуши. И пие. Да се убијам!...“ (29). Во оваа глава, Дена сфаќа дека во животот не е сè толку розево, како што гледаат малите деца: „Полека сфатив: животот не е градина во која цветаат само ружи, има и пиреј, и коприва и плевел. Не си ја видел копривата, а те обжарила по нозе. Ружата со трн те закачила, ти го раскрварила коленото. На животниот пат, очигледно, има и пречки и заблуди, и смешни моменти, и радости и лаги (24)“. Проблемот со дрогата кој го има Филип директно ќе ја погоди и Дена на забавата кај негов другар. Дена не можела да сфати што се случува со Филип. Таа кај него ја гледала само убавината и сè друго што било позитивно кај него. За разлика од Дена, Зоки Хакерот забележувал некое чудно однесување на Филип и знаел која била причината за таквото однесување. Но заслепувачката љубов, не ѝ дозволува на Дена да ги отвори очите и да ѝ погледне на вистината в лице, особено на роденденската забава на која ќе присуствува заедно со Филип, во убавата вила: „Куќата беше атрактивна, со бели столбови и прозорци од кафеаво дрво, помислив – Еве вака изгледа една вистинска вила, ридот беше засечен и обезбеден со заштитен бетонски ѕид а дворот затревен, со украсни грмушки и ограден со млади кипариси и диви костени. Сè беше мирно и романтично осветлено, дворот измиен, бели мермерни плочи оросени како по пролетен дожд што запрел пред половина час “ (68). Темата на дрогата како акутен проблем на денешницата, во светската книжевност за млади се јавува во

1980 година со автобиографскиот роман на Cristiane Felscherinow „Ние, децата од колосекот на Зоолошката“.[20] За припадниците на тие кругови кои се во повисокиот слој на општеството по својот статус, Дена е потенцијален иден корисник кој тие треба да го привлечат, но нејзината внатрешна сила ќе предизвика отпор кај неа: „Веќе стапнав на работ, Филип ми понуди да пробам марихуана, а кога ми запали, зилуден и ококорен ми ја дрпна: Немој, Дена, не слушај ме! Во неа е пеколот!(85)“. Заради тоа ќе го стави во опасност и својот живот, а и на Филип, кој благодарение на љубовта што ја чувствува кон неа, ќе ја заштити, па дури и самиот ќе појде на рехабилитација: „Филип- го прашав сериозно- ти се заканувaат ли ако не ме... навлечеш“ (78). На последната средба кога Филип и Дена седеле во градскиот парк, таа сфатила дека Филип веќе станал зависник на тешки дроги, неговото лице не било ведро и убаво како порано, туку било збрчкано и темно, како да имал не петнаесет, туку педесет години. Но, Филип многу ја сакал Дена и тоа влевало голема самодоверба во него, знаел дека со нејзината љубов ќе се извлече од дупката во којашто се наоѓал. Не кажувајќи никому, заминал на рехабилитација и некој не знаел каде е еден месец и половина.

Поради тоа што се случувало со Филип, Дена не можела да заспие, немала кому да се довери, немала кому да си ги каже маките, немало кому да си ја испразни душата.

Сестра ѝ била излезена, мајка ѝ била некаде на некоја друга страна на светот. Дена од ова сфатила дека тоа е нејзина борба, нејзина животна борба во којашто требало да се бори се додека не победи. Како трофеј од оваа борба Дена ќе го добие Филип, нејзината Љубов. Во тие мачни моменти, таа се свртува кон пишување поезија во која ја излева сета своја мака и нејзиното терапевтско влијание веднаш ќе го почувтсвува. Филип објавува анонимно писмо на интернет „Писмо од еден наркоман“, кое Зоки Хакерот веднаш го препознава дека е од Филип, по што започнува интернет комуникацијата меѓу Дена и Филип, сѐ до моментот на нивната повторна средба. Во писмото во вид на исповед, Филип ја открива својата голема љубов кон Дена и дека токму заради неа заминал на лекување на својата зависност: „Издржувам поради една цифра. Еден магичен збор. Едно име. Една утринска ѕвезда што ми го најави новиот ден. Мојата Morning Star. Со неа сонувам. Со неа ќе победам. Со неа веќе победувам! Блиску сум...“(113). По прочитувањето на писмото, Дена истрчала на улицата, се качила во такси и директно тргнала кон болницата за наркомани. Докторот во болницата ѝ објаснил дека токму заради неа тој одбивал да земе метадон и секакви други препарати коишто им ја олеснувале кризата на наркоманите. Само помислата кон девојчето, на Дена и љубовта, му ја смирувала душата. Во кризата ја споменувал само Дена. Дена излегла од болницата за да го најде Филип. Многу време скитала по скопските улиците, и на крајот по некоја интуиција тргнала во црквата “Свети Димитриј” и по поминувањето на дворот на црквата, со едниот чекор на мостот, Дена се сретнала со Филип: „Се свртев како маѓепсана и му се фрлив да го гушнам. Филип ме собра со неговата топла прегратка. Цврсто се впив во него и заплакав од радост“(115-116).

Последните зборови на Дена и Филип биле: „-Сакаш ли да умрам без тебе, Филип? -Сакам да живеам за тебе, Дена“(116).

Како алкохолот, така и употребата на дрогите, стана субстанцијален здравствен проблем кај младите адолесценти. Истражувањата говорат дека адолесцентите кои живеат во урбаните заедници, се изложени на поголем ризик од инволвирање во проблемот со дрогата и при тоа се чини дека не постојат родови разлики и граници, потоа големо влијание има и фактот дали адолесцентот се дружи со уживатели на дрога (како во случајот со горерзгледуваниот роман), како и фактот ако адолесцентот потекнува од семејство со самохран родител. Ваквите истражувања ја истакнуваат важноста на отворената

[20] Dubravka Težak, Dvije spisateljice romana za mlade odrasle, Kolo 3, Marica Hrvatska, 2008, http://www.matica.hr/kolo/309/Dvije%20spisateljice%20romana%20za%20mlade%20odrasle/, 07.11.2015

комуникација на родителите со своите деца-адолесценти.[21] Во горепосочениот роман, Дена, како дете на разведени родители, со момче кое и самото е зависник, почнува да се движи во круговите на зависниците и нарко-дилерите, со мајка која постојано е на пат, ги има сите предуслови да стане нарко зависник и самата, но благодарение на својата внатрешна сила и волја, не само што самата се оддалечува од тие опасности, туку го спасува и своето момче Филип.

Улогата на наставниците во делото е сосема маргинална, со исклучок на нивната наставничка по физичко воспитание и класен раководител, која со по малку наивни методи се обидува да им вроди самодоверба, кога на часот по физичко образование, нивната класна им рекла да земат листови хартија и да напишат на нив што можеле и што не можеле на направат и така напишаните листови со “не можам” ги ставиле во една кутија и ги закопале во училишниот двор. Од оваа глава се гледа дидактичноста на еден наставник, со тоа што, тој сакал да вроди кај учениците, самодоверба и да ги убеди дека тоа што сакаат да го направат дека можат да го направат само ако вистински сакаат, односно дека желбата и добрата волја ги победува сите други работи. Но сепак и Дена е девојче во тинејџерски години, таа како и сите други тинејџери, донесува непромислени одлуки и потпаѓа под влијание на „сниферите“, кои вдишуваат бензин. Овде повторно е вметната наставничката на која Дена пак ѝ се доверува, но до крај на романот изостанува било каква акција од страна на возрасните, во смисла на помош на младите да излезат од тие лавиринти.

Како што кажавме, овој роман ги отсликува младите во тинејџерските години. Напредната технологија во денешното време е многу присутна. Така сите во денешно време многу го користат интернетот и компјутерската технологија. Таков е случајот со другарот на Дена, Зоран. Тој имал големи очила поради целодневното седење пред компјутерот и употреба на интернетот. Поради тоа тој бил наречен хакер. Неговото основно превозно средство биле ролерките, па дури и на училиште одел со нив.

И така продолжува животот на другарите од романот “Пролет зад мојот прозорец”, со една голема поука и со едно големо искуство, не само за другарите, туку и за младиот читател, којшто се наоѓа пред големото искушение, наречено ЖИВОТ.
И романот “**Млади и диви**”[22] е сличен по содржина, со романот “Пролет зад мојот прозорец”. И во двата романи се опишува отсуството на родителите и љубовните сплетки на младите.

Романот започнува со тоа што, таткото на двете деца, Јана и Дена повторно се вратил дома и девојчињата биле пресреќни. Како што се спомна претходно, во овој роман, тие се прикажани како близначки кои бараат од родителите дозвола да работат во некој ноќен бар и со тоа тие предизвикале мал конфликт помеѓу родителите. Понатаму Дена раскажува за тоа нивната работа некој скопски ноќен бар и за другите вработени таму. Исто така и за некое момче по име Горан, брат на нејзината другарка, кое ѝ се додворува. Експлицитно, во повеќе наврати во текстот се спомнува љубовта на дена и Филип која сѐ уште трае, но имплицитно се наговестува дека Филип е сѐ уште отсутен (веројатно на рехабилитација), па авторот имплицитно му го нафрла заклучокот на читателот дека овој роман хронолошки следува по „Пролет зад мојот прозорец“.

Во следната глава Дена раскажува за една незгодна ситуација, во која одејќи по скопските улици, таа и нејзината другарка биле нападнати од некои непознати напаѓачи, кои ги малтретирале двете девојчиња, но за среќа на улицата се појавиле Горан и неговиот другар Коста Гранде, кои им помогнале да се извлечат од незгодната ситуација. Потоа сите

[21] Tara L. Kuther, Adolescents At-Risks: A Literature Rewiew of Problems, Attitudes and Interventions, 1995, http://eric.ed.gov/?id=ED386644, 07.11.2015
[22] Томе Арсовски, Млади и диви, Макавеј, Скопје, 2007.

задоволни, отишле во ноќен клуб за да ја прослават среќно завршената случка со девојчињата.

Во овој роман се среќава темата на бабата, во случајов баба Марика, која била баба на двете девојчиња, мајка на нивниот татко. Дена ја опишува баба им како склоп на добрината, како најдобрата баба на светот: „Нејзината добрина не е легенда, нејзината измалтретирана душа е магла во вулканот на нејзината безгранична љубов. Го сакаше својот непостојан син, а тој нејзин син е нашиот татко. Многу би сакала ова мое размислување да го ублажам со хумор, но мислам дека хуморот овде е неумесен. Кога две деца ќе останат напуштени од сопствениот татко, тогаш ѓаволот ја однел шегата“ (67). Епизодата со бабата е во корелација со некои истражувања кои говорат во прилог на фактот дека иако бабите и дедовците се присутни во животот на адолесцентите, тие од неодамна станаа тема во адолесцентската книжевност. Притоа, истражувањата говорат дека бабите делат повеќе заеднички активности со внуците, за разлика од дедовците, потоа, дека бабите од таткова страна се далеку повеќе инволвирани во животот на своите внуци-адолесценти, како и тоа дека тие имаат огромно влијание врз нивниот живот и воспитание.[23]

Наставниците се присутни и овде. Со оглед што во романот временски се опфаќа крајот на учебната година, прикажана е една од построгите наставнички, која, на крај, сепак, им дава одбри оценки.

Во овој роман, авторот повеќе се свртел кон природата и како да сакал да ја покаже нејзината огромна уништувачка моќ, и тоа преку излетот во планинарскиот дом: „Глетката беше библиска: камен врз камен, трупци врз трупци, стебла и крпи и кал и нанос, извиткани откорнати парчиња од железо. Беше време кога се берат боровинките. Заспаното срце на планината татнеше сурово, како разбуден ѕвер и вознемирено среде раскошните есенски бои – од жолта до пурпурна црвена, од кафеава до темно зелена. Сета убавина беше затрупана со мртво скаменет ужас...(79)“, кога младите ќе бидат сведоци на невремето, потоа следи неколкудневниот одмор во Охрид, и на крај, преку посетата на Берово, на чествувањето на празникот Успение на Пресвета Богородица, кога авторот ја воведува и темата на смртта заради „Божјата казна“ од поместувањето на празникот во друг ден и приготвувањето на мрсна храна. Сликата со громовите и усмртувањето на неколку присутни која ја прикажува авторот има своја веродостојност и релевантност во реалноста, па тоа придонесува за големата реалистичност на овој младешки роман.

Јазикот и стилот на овие романи го карактеризира една особена ноншалантност, природност и лежерност, духовити дијалози и зрели внатрешни монолози. За да го покажеме жаргонот на младите во книгата ќе посочиме неколку примери: „Душо, обете сме шворц, а стоењето е без пари“ (10); „...ајде да фаќаме магла одовде“ (14); „Ние сме мачо-мени, не сте знаеле?“(20); „Ајде престани да се правиш на удрена“ (30); „А ти си питома ѕверка, плус убава и не напаѓаш од грб!“ (31); „Јас не сум заплескана и шлакната од вљубение“ (31), и др.

Значи, како што кажавме ова е тинејџерски и љубовен роман обвиткан со жаргонот на младите. При читање на романот сретнуваме разговор помеѓу младите за љубовните проблеми во тинејџерските години. Таков е и разговорот помеѓу Дена и другарка и Бети којашто ја спомната и во романот “Пролет зад мојот прозорец”. Тие разговарале за момчиња, на кое девојче кое момче му се допаѓало. Дена останала на ставот дека Филип било вистинското момче за неа.

## Заклучок

Во романот “Пролет зад мојот прозорец” доаѓа до израз најголемото зло на денешнината, т.е дрогата. Младите тинејџери доаѓаат до контакт со неа. Сепак романот завршува среќно со победа на љубовта над сите проблеми. Во овој роман голема улога игра

[23] Martina Smorti, Reinhard Tschiesner, Alessandra Farneti, Grandparents-grandchildren relationship, Elsevier, WCES, Procedia-Social and Behavioral Sciences 46, 2012, 895-898.

отсуството на родителот. Авторот добро ја отсликал околината со сите пороци, со коишто можат да се сретнат младите тинејџери. Сепак разумот и цврстиот карактер е важна особина на младите за донесување на важни одлуки коишто им се важни за во иднина. Романот, исто така, е многу поучен за младиот читател.

За разлика од "Пролет зад мојот прозорец", во романот "Млади и диви" отсуствува дрогата. Целиот роман е обвиткан во љубовен целофан, со љубовни сплетки и љубовни настани на главните јунаци.

Интересни се и завршетоците на романите. Иако и двата завршуваат среќно, не се работи за класичен happy end. Имено, секогаш не се остварува она за што јунакот долго мечтае, туку јунакот успева да сфати дека она што толку долго го посакувал и не мора да биде најдоброто решение за него. Животот нуди бројни решенија од кои треба да се избере она кое е најдобро не само за нас туку и за оние со кои го делиме својот живот и опстојување.[24]

## 5. ЛИТЕРАТУРА


[1] Abbey J.Fox, Girls coming of age: possibilites and potentials within young adult literature, 6, 2010, College of liberal Arts & Social Sciences Theses and dissertations, DePaul University, p.8, 45.( Louise Rozenblatt, Literature as Exploration, New York, NY, D., Appleton Century Company, 1938)

[2] Ani Rosa Almario, Defining Young Adult Literature. Education 111X (2009). Internet izvor: <http://www.ldt.stanford.edu/aalmario/definition%20> 05. XI 2015

[3] April Dawn Wells, Themes found in Young Adult Literature: A Comparative study between 1980 and 2000, University of North Carolina, Apr 2003. http://www.ils.unc.edu/MSpapers/2861.pdf Web. 05.11. 2015

[4] Chris Crowe, The problem With YA Literature, English Journal, 90.3, 2001, 146-150, 3 March 2015.

[5] Danijela Lj. Petković, Književnost za mlade, adolescencija, fantastika i (subverzivna) didaktika: nekoliko primera, Philologia mediana, 6, 2014, Filozofski fakultet, Univerzitet u Nišu, str.313

[6] Dubravka Težak, Dvije spisateljice romana za mlade odrasle, Kolo 3, Marica Hrvatska, 2008, http://www.matica.hr/kolo/309/Dvije%20spisateljice%20romana%20za%20mlade%20odrasle/, 07.11.2015

[7] Emily Colleti, Young Adult Literature "Catching Fire": Classroom Implications for Secondary Schools, Eastern Michigan University, 2014, http://commons.emich.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1404&context=honors, пристапено на 05.11.2015

[8] Hemlata Chand, Ritu Singh, Family life experiences: A foundation stoun for self concept, Inaternational journal of Humanities and Social Sciences, Vol.4, Issue 2, March 2015, p.21-24.

[9] Jen Doll, What does young adult mean, The Wire, The Atlantic Monthly Group, 2 March 2015.


[24] Dubravka Težak, Dvije spisateljice romana za mlade odrasle, Kolo 3, Marica Hrvatska, 2008, http://www.matica.hr/kolo/309/Dvije%20spisateljice%20romana%20za%20mlade%20odrasle/, 07.11.2015

[10] Jenni E. Brand and Juli Simon Thomas, Job displacement among single mothers: Effects on Children’s outcomes in Young Adulthood, American Journal of Sociology, Vol.119, No.4 (January 2014), p.960.
[11] Jonathan Stephens, Young Adult: A book By Any Other Name…: Defining The Genre, Alan Review, 35.1, 34-42, 2007.
[12] Martina Smorti, Reinhard Tschiesner, Alessandra Farneti, Grandparents-grandchildren relationship, Elsevier, WCES, Procedia-Social and Behavioral Sciences 46, 2012, 895-898.
[13] Michael A. Cart, A New Literature for a New Millenium? The first decade of the Printz Awards, Ypung Adult Library Services 8.3, 2010, p.28-31.
[14] Michael Cart, Young Adult Literature: From Romance to Realism, 2nd ed., Chicago, Harper Collins Publishers, 2010, p.275 (Prezemeno od Emily Colletti, Young Adult Literature "Catching Fire:" Classroom Implications for Secondary Schools, Eastern Michigan University, 2014, p.30.)
[15] Tara L. Kuther, Adolescents At-Risks: A Literature Rewiew of Problems, Attitudes and Interventions, 1995, http://eric.ed.gov/?id=ED386644, 07.11.2015
[16] VanderStaay, S. , Young-Adult Literature: A Writer Strikes The Genre, English Journal, 81.4, 1992, 48, 3 March 2015.
[17] Wendy J.Glenn and Marshall A.George, Looking into and beyond Time and Place: The timeless potential of YA Lit in a Time of Limited Opportunity, The ALAN Rewiew, Vol.40, no.1, Fall 2012, p. 43.
[18] Зорана Опачић, Проблематизовани идентитет у роману „Будале и смарачи“ Улфа Старка, Детињство, 2, 2011, Нови Сад, 18.
[19] Јелена Г. Спасић, Књижевност за младе (Young Adult Literature)-пут од маргинализованог до јасно дефинисаног жанра, Детињство, Нови Сад, бр.1, XLI, 2015, стр.68-733.
[20] Томе Арсовски, Млади и диви, Макавеј, Скопје, 2007.
[21] Томе Арсовски, Пролет зад мојот прозорец, Детска радост, Скопје, 2005.